Врз основа на Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2011, 51/2011, 132/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012 и 27/2014, 139/2014, 61/2015, 154/2015, 23/2016, 178/2016, 90/2017 и 251/2022) член 235 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013, 120/2013, 38/2014 и 41/2014, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 290/90, 215/21, 99/22), член 19 од Договорот за основање на Друштвото за организирање електронски игри на среќа- Нова Државна Видео Лотарија- НОВО ВЛТ ДОО Скопје, Правилникот за условите, начинот и постапката за склучување на Договорите за деловна соработка за прием на уплата на влогови за игрите на среќа преку видео лотариски терминали и организирање и контрола на продажната мрежа број 02-138/1 од 28.12.2023 година, и Одлуката за спроведување на постапка за Јавен повик од 12.02.2024, Нова Државна Видео Лотарија- НОВО ВЛТ ДОО Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК БР. 03/2024
# ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И КОНТРОЛА НА ПРОДАЖНАТА МРЕЖА

## I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Се објавува јавен повик за доставување на понуди за доделување на Договор за деловна соработка за организирање и контрола на продажната мрежа.

Нова Државна Видео Лотарија ДОО Скопје (НОВО ВЛТ) ги повикува заинтересираните домашни и/или странски компании (Понудувач) да достават понуда за деловна соработка за:

- Организирање на мрежа од најмалку 50 (педесет) уплатно-исплатни места во кои се врши уплата на влоговите и исплата на добивките од игрите на среќа преку видеолотариските терминали;
- Обезбедување на банкарска гаранција за уплатно-исплатните места од мрежата која ја организира, како гаранција за исполнување на обврските спрема НОВО ВЛТ;
- Подигање од НОВО ВЛТ и дистрибуција на потребни потрошни материјали до уплатно-исплатните места од мрежата која ја организира,
- Контрола на работењето на уплатно-исплатните места од мрежата која ја организира што опфаќа воспоставување на систем за квалитетен однос кон играчите на игрите на среќа како и кон видеолотариските терминали и придружната опрема,
- Организирање на промотивни настани во уплатно-исплатните места на мрежата која ја организира во соработка со НОВО ВЛТ,
- Административни и сметководствени работи поврзани со продажбата на игрите на среќа;
- Други работи врзани со уплата на влоговите од игрите на среќа согласно упатствата и насоките дадени од страна на НОВО ВЛТ.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Право да учествува на јавниот повик има секое заинтересирано домашно и/или странско правно лице – понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот.

Доколку Понудувачот не исполнува било кој од наведените услови во овој повик, неговата понуда ќе биде отфрлена.

## III. УСЛОВИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

За склучување на Договор за деловна соработка со Нова Државна Видео Лотарија- НОВО ВЛТ ДОО Скопје, Понудувачот е потребно да ги исполнуваат општите, посебните и техничките услови согласно овој Јавен повик.

Нема да биде разгледувана понудата на правно лице за кое ќе се утврди дека по било кој основ има неплатени обврски спрема НОВО ВЛТ

### III.1. Општи услови

Понудувачот кој е заинтересиран да склучи Договор за деловна соработка со Нова Државна Видео Лотарија- НОВО ВЛТ ДОО Скопје потребно е да ги исполнува следниве општи услови:

-Да е запишан во Централниот регистар на Република Северна Македонија за соодветната дејност/доказ дека е регистриран за вршење на дејност поврзана со предметот на Јавниот повик согласно со прописите на земјата каде што е регистриран;

- Изјава на Понудувачот дека не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;

- Потврда дека не е отворена постапка за стечај и ликвидација од надлежен орган;

- Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде понудувачот е регистриран;

- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно- приватно партнерство;

- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност и

- Потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на одговорните лица во правните лица (Понудувач) дека не му е изречена споредна казна, привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност.

Документите не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од нотар.

НОВО ВЛТ го задржува правото да побара дополнителни информации директно од Понудувачот или од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

**III.2. Технички услови**

Понудувачот кој е заинтересиран да склучи Договор за деловна соработка со Нова Државна Видео Лотарија- НОВО ВЛТ ДОО Скопје потребно е да ги исполнува следниве технички услови:

- Да обезбеди соодветен број на приклучници за електрична енергија во целост изведени согласно стандардите во Република Македонија;
- Да обезбеди доволно простор за сместување и употреба на видеолотариските терминали и придружната опрема, а во зависност од бројот на бараните уреди;
- Да обезбеди соодветна опрема на која непрекинато ќе се прикажуваат рекламни информации за jackpot и слични активности од областа на работењето на НОВО ВЛТ
- Применета опрема да ја смести, користи и да ја чува на начин пропишан од НОВО ВЛТ и производителот на опремата;
- Да обезбеди видео надзор со опрема за снимање која ја покрива местоположбата на видеолотариските терминали;

**III.3. Посебни услови**

Понудувачот кој е заинтересиран да склучи Договор за деловна соработка со НОВО ВЛТ за организирање и контрола на продажната мрежа потребно е да ги исполнува следниве посебни услови:

- Да организира мрежа од најмалку 50 уплатно-исплатните места во кои ќе се врши уплата на влоговите и исплата на добивките од игрите на среќа преку видеолотариските терминали, а со кои ќе има регулиран правен однос. Рокот за организирање на 50-те уплатни места е 1 (една) година од потпишување на Договорот за деловна соработка;
- Да има соодветен број на возила на располагање за техничка поддршка на локациите кои ги организира на целата територија на Република Македонија;
- Да има организиран систем на дистрибуција со техничка поддршка за евиденција на задолжување и наплата;

- Да обезбедува континуирана поддршка на уплатно-исплатните места на мрежата која ја организира;
- Да има организиран систем на дистрибуција на потребните материјали на уплатно-исплатните места на мрежата која ја организира;
- Да ги обезбеди првично потребните документи за започнување на постапка за добивање на Решенија од Министерството за финансии за приредување на игри на среќа на локациите кои ги организира;
- Да обезбеди банкарска гаранција за уплатно-исплатните места од мрежата која ја организира, како гаранција за исполнување на обврските спрема НОВО ВЛТ
- За секоја локација на која ќе организира приредување на игри на среќа на видеолотариски терминали да има регулиран правен основ за користење на дел од просторијата (имотен лист односно договор за закуп/подзакуп). Локациите на кои ќе се организираат игрите на среќа на видеолотариските терминали задолжително мора да ги исполнуваат минимално техничките услови утврдени со законската регулатива која важи во Република Македонија;
- На секоја локација на која ќе организира приредување на игри на среќа на видеолотариски терминали да има регистрирано своја подружница и
- Да ги има измирено сите евентуално доспеани обврски кон НОВО ВЛТ.

## IV. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР

Критериум за избор на најповолен понудувач со кој ќе се склучи Договор за деловна соработка за организирање и контрола на продажната мрежа преку посредување претставува најнискиот понуден надомест за извршување на услугата дефиниран како процентуален износ од разликата помеѓу вкупните уплатени парични средства од една страна, и вкупните исплатени парични средства (вклучувајќи го и износот за пресметан персонален данок на добивките) и износот акумулиран од секое играње на секој терминал во мрежата на деловниот соработник кој учествувал во формирање на пресметковните фондови за постигнатите дополнителни добивки кои ги исплаќа НОВО ВЛТ од друга страна, на видео лотариските терминали во текот на еден календарски месец, а по одбиени давачки спрема државата за приредување на електронските игри на среќа согласно законските основи, но по задоволување на општите, посебните и техничките услови.

## V. ОБВРСКИ НА ИЗБРАНИОТ ПОНУДУВАЧ

Избраниот понудувач се обврзува да ја организира продажната мрежа во насока на максимална операбилност и минимални застои во функционирањето;

Избраниот понудувач во зависност од бројот и територијалниот распоред на видеолотариските терминали да обезбеди, организира и да ги стави на располагање потребните човечки и други потребни ресурси за квалитетно извршување на Услугата;

Избраниот понудувач е должен да обезбеди доволен број на возила потребни за непречено извршување на услугата;

Избраниот понудувач е должен навремено да ги доставува потребните материјали до продажните места а според утврдените потреби или по налог на продажното место односно НОВО ВЛТ;

Избраниот понудувач има обврска лицата кои ќе работат на организација и контрола на продажната мрежа да ги упати на соодветна обука во соработка на НОВО ВЛТ;

Избраниот понудувач се обврзува да се грижи за видео лотариските терминали и другата опремата која му е ставена на располагање и да не дозволува нејзино оштетување;

Избраниот понудувач се обврзува веднаш по утврдени неправилности во функционирање или оштетување на опремата да ја извести НОВО ВЛТ односно друго правно лице кое е задолжено за тоа;

Избраниот понудувач се обврзува да достави адреса и електронска адреса за доставување на писмената до НОВО ВЛТ и исто така да го извести НОВО ВЛТ за сите промени на седиштето, адресата, статутни и слични промени, трансакциски сметки и отворен стечај и сл.

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Понудата за доделување на Договор за деловна соработка треба да биде во писмена форма, во 1 (еден) оригинален примерок, преку пошта или со доставување во архивата на Нова Државна Видео Лотарија.

Постапката за склучувањето на Договор за деловна соработка ја спроведува Комисија за склучување на договори за деловна соработка. Комисијата е составена од 3 члена.

Рокот на важење на понудите е 6 (шест) месеци од денот на поднесување на понудата и истиот е задолжителен.

Понудата треба да содржи два одвоени коверти:
- Понудата во посебен затворен плик и
- Другата документација се доставуваат во затворен плик со ознака „НЕ ОТВАРАЈ“ и со назнака „За јавен повик за деловна соработка“ и бројот на повикот.

Понудата се доставува во 1(еден) оригинален примерок, кој треба да биде заверен и потпишан од одговорното лице на понудувачот.

Пристигнатите понуди се отвараат без присуство на понудувачите.

Комисијата, пред да пристапи кон разгледување и оценување на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата.

При оценување на понудите, Комисијата ја проверува нивната содржина, исправност, соодветност и прифатливост.

Понудувачите кои поднеле некомлетна и невалидна документација, се исклучуваат од постапката и нивните понуди нема да се разгледуваат.

Неисправните, несоодветни и неприфатливи понуди, Комисијата ги одбива и за тоа ги известува понудувачите. За текот на состанокот се води Записник. Записникот го потпишуваат сите членови на Комисијата.

Крајниот датум за доставување на понудите е 15.03.2024 година до 16:00 часот.

Против Одлуката, незадоволниот учесник на јавниот повик може да изјави приговор до Собирот на содружници на НОВО ВЛТ, во рок од 8 (осум) дена од денот на доставување на известувањето за изборот.

Приговорот во писмена форма се доставува преку Комисијата што ја водела постапка до Собирот на содружници на НОВО ВЛТ.

Одлуката на Собирот на содружници на НОВО ВЛТ во постапка за склучување на договори за деловна соработка со НОВО ВЛТ е конечна.

## VII. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

Деловниот соработник се обврзува да обезбеди банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот, и тоа во рок од 8 (осум) дена од потпишување на овој договор со важност од 1 (една) година и 14 (четиринаесет) дена, во износ од 50.000 евра.

Деловниот соработник има обврска да отпочне постапка за обнова на гаранцијата најдоцна 1 (еден) месец пред истекот на активната банкарска гаранција и за тоа да ја извести НОВО ВЛТ.

Доколку Деловниот соработник не ја достави обновената банкарска гаранција најдоцна 14 (четиринаесет) дена пред истекот на активната, НОВО ВЛТ има право да ја наплати активната банкарска гаранција и да го раскине Договорот.

Услов за полноважност на Договорот е обезбедување на банкарска гаранција.

## VIII. СОЛЕМНИЗАЦИЈА И ИЗВРШНА КЛАУЗУЛА

Договорот за деловна соработка задолжително се солемнизира на нотар на трошок на Избраниот понудувач.

Договорот задолжително ќе содржи извршна клаузула – изречна изјава на Избраниот понудувач дека е согласен врз основа на Договорот кој се заверува кај нотар непосредно да се спроведе присилно извршување врз имотот на должникот заради наплата на неизмирените обврски спрема НОВО ВЛТ и другите трошоци и надоместоци определени во Договорот.

## IX. РОК И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

По конечноста на Одлуката за исполнување на условите за деловна соработка, избраниот учесник на јавниот повик е должен да склучи Договор за деловна соработка, најдоцна во рок од 15 дена од денот на доставување на Одлуката и истиот да го солемнизираат кај Нотар.

За склучување на договор за деловна соработка со НОВО ВЛТ, потребно е правното лице да ги исполнува сите (општи, посебни и технички) услови распишани во овој Јавен повик.

Договорот со најповолниот понудувач ќе се склучи на неопределено време.

НОВО ВЛТ има дискреционо право самостојно да го определи бројот на видео лотариските терминали за секоја деловна просторија за секој учесник во јавниот повик поединечно, кој ќе се утврди во Договорот за деловна соработка.